7. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale prej Gostivarit deri në fshatin Çajle, Komuna e Gostivarit, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гостивар, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 67929 од 14.01.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-614/1 од 06.02.2025 година.

ARSYETIM

Komuna e Gostivarit, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), ka paraqitur kërkesë përmes e -urbanizmit, me numër të procedurës UPP 67929 nga 14.01.2025, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e Kushteve për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale prej Gostivarit deri në fshatin Çajle, Komuna e Gostivarit.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale prej Gostivarit deri në fshatin Çajle, Komuna e Gostivarit dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15-614/1 nga 06.02.2025.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Условите за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturës rrugore për ndërtimi e rrugës lokale prej Gostivarit deri në fshatin Çajle, Komuna e Gostivarit, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле

ОПШТИНА ГОСТИВАР

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y02925

Скопје, февруари 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле

ОПШТИНА ГОСТИВАР

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Гостивар

Тех.бр. Y02925

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска, д.н.

Valentina Hristova Stefanovska
Digitally signed by Valentina Hristova Stefanovska
Date: 2025.02.04 10:39:27 +01'00'

Контролирал:
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.
Раководител на одделение за спроведување на просторни планови

Vesna Mirchevska Dimishkovska
Digitally signed by Vesna Mirchevska Dimishkovska
Date: 2025.02.04 10:48:46 +01'00'

Агенција за планирање на просторот

Директор

Aleksandar Gelevski
Digitally signed by Aleksandar Gelevski
Date: 2025.02.05 11:40:46 +01'00'

Александар Гелевски, д.и.а.

Скопје, јануари 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле

ОПШТИНА ГОСТИВАР

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот се наменети за сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар. Условите за планирање на просторот се издаваат за траса со должина од 1,24 km.

Трасата за која се издаваат услови за планирање на просторот се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на хала за изработка на лимени конструкции, на КП 586, КО Чајле, м.в. Големи ниви, Општина Гостивар, со тех.бр. Y23310.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Предвидената траса се наоѓа во границите на III заштитна зона на изворот Рашче.

Во 2003 година, Собранието на Република Македонија го усвои **Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**, како регионален план преку кој се спроведува, односно имплементира Просторниот план на Републиката.

Изворот Рашче, кој се наоѓа на 17 km западно од Скопје, е значаен за водоснабдување на градот Скопје и околните населби. Од вкупниот број на жители во градските и приградските населби, од градската водоводна мрежа, односно од изворот Рашче се водоснабдуваат 84%.

Специфичната геолошка, геоморфолошка и хидрогеолошка структура во пределот на подрачјето што претставува зона на хранење на изворот Рашче, овозможува подземно акумулирање на карстна издан и создава природен феномен со особена вредност и општествено значење. Врз основа на анализите на билансот на водите во Полог и изворот Рашче, извршени во период од 1969 - 1973 год. утврдена е директна зависност на порастот на водите во басенот на изворот од атмосферските врнежи, протоците на река Вардар на потегот од водомерната станица во с. Раотинци до водомерната станица во с. Јегуновце и од протоците на Шарските притоки на р. Вардар.

Врз основа на **Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), утврдени се четири заштитни зони**:

Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) која го опфаќа изворот Рашче со каптажите 1 и 2, потоа водозафатните објекти со сите придружни објекти, дренажни галерии, електро опрема, бетонска комора, пумпна станица, бетонски канал за одведување за вишокот на вода, канал за дренирање на површинските води како и објект за надлежен чувар во период од 24 часа во текот на денот. Зоната е прописно уредена и оградена со заштитна жичана ограда прицврстена за бетонски столбови во сите правци околу зафатот на изворот "Рашче";

Прва поширока заштитна зона го опфаќа подрачјето на Долен Полог, кое е во непосредна врска со масивот Жеден;

Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување) го опфаќа просторот на Долен Полог од каде се врши активно прихранување на Жеденската акумулација, ја опфаќа Дервенска клисура и ободот на Скопска котлина, движејќи се низ сливното подрачје на изворот;

Трета заштитна зона (зона на хигиенско - епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа просторот на поширокото сливно подрачје, од билото на Шар Планина, движејќи се по државната граница, преку Вардар и ободот на Скопската котлина, по билото на Сува Гора, делови на Бистра, Ничпурска планина, преку Враца и Рудока, повторно до Шар Планина.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитените зони на изворот Рашче.**

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

0 0.15 0.3 0.6 Km

1:10,000



Општинска граница

Катастарска граница

Хала за изработка на лимени конструкции-Y23310

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар се наоѓа северно од населено место Ново Чајле на надморска височина од 500-510m.

Просторот на Општина Гостивар се карактеризира со типично умерено-континентална клима во пониските делови, а на планините планинска клима. Податоците на оваа климатска анализа се користени од климатолошката станица Гостивар.

Температура на воздухот: Средната годишна температура во Гостивар изнесува 10,6°C. Средната зимска температура изнесува 0,7°C. Есента е значително потопла од пролетта. Просечната вредност на температурата изнесува 11,5°C, средната летна температура во Гостивар е 20,3°C.

Средна месечна вредност на температурата е под нулата само во јануари -1,1°C, потоа февруари, а најтопол е јули со (21,1°C) и август (20,8°C).

Средната максимална температура во Гостивар е под нулата од декември до март. Најниска средна минимална вредност имаа јануари (-5°C), а апсолутно најниската температура изнесува -31°C, забележана исто така во јануари.

Средната максимална температура е над 20°C од мај до септември, а апсолутно највисоката температура од март до ноември. Варирањето на средните екстремни температури изнесува 35°C. Истото на апсолутните екстреми се движи во значајно поширокі граници од -31°C до +37°C., т.е. изнесува 68°C. Ваквото високо варирање покажува дека во Гостивар температурниот годишен од е доста нерамномерен, и пратен со изразена температурна осцилација, што е обележје на влијание на умерено-континентална клима во овој реон. Зимите се овде прилично студени, а летата топли со пријатно свежи летни ноќи, што е секако одраз на непосредно влијание на високите планински масиви. Просечно годишно во Гостивар има 86 мразни денови, а 17 ледени. Како мразни се земаат оние во кои минималната температура е под 0°C, а ледени оние во кои е и дневната максимална температура негативна.

Денови кога максимална температура е еднаква или повисока од 25°C, во Гостивар има просечно годишно 95 дена, а жешки денови кога е над 30°C просечно годишно има само 29 дена.

Врнежи: Количеството на врнежи се претставува во mm и под 1mm се подразбира падната количина на вода од дожд или снег од $1l/1m^2$. Во Гостивар и воопшто во целиот Полог паѓаат доста врнежи и тоа просечно годишно по 954mm, а во поедини години има варирање од 658mm до 1229mm. Најврнежлив месец е ноември со просечно 156mm, а потоа декември со 111mm. Пролетните месеци се доста врнежливи, но помалку од есенските. Со најмалку врнежи се одликува август, а исто така се и јуни и јули. Разликата помеѓу најврнежливиот ноември

(156mm) и најсушниот август (28mm), изнесува 128mm, што покажува дека годишната расподелба на врнежи на Гостивар е прилично нерамномерна. Врнежите во Гостивар се 80% од дожд, а само 20% од снег.

Маглата не е честа појава во Гостивар и честината на денови со магла е двојно помала одошто во Скопската котлина. Најчести појави се во зимските месеци, а особено во јануари и декември, а сосема ретко се појавува во топлиот дел од годината.

Облачност: Овој елемент се изразува во десетини, односно го покажува степенот на покриеноста на видливиот хоризонт на станицата, ако е наполно облачно се бележи 10 десетини. Просечната годишна облачност во Гостивар 5,1 десетина. најоблачен е ноември со 7,2 потоа декември со 7,1 десетина, т.е. месеците каде што имаме најмногу врнежи. Најведар е август со 2,1. Просечно годишно во Гостивар има 104 ведри и 105 тмурни дена. Како ведар ден се смета оној кога средната дневна облачност е помала од 2 десетини, а тмурен кога е таа поголема од 8 десетини. Практично може да се каже дека во Гостивар околу 260 денови се сончеви.

Влажност на воздухот: Просечната годишна релативна влага во Гостивар изнесува 77% со максимум во ноември и декември, а со нешто помалку и во останатите зимски месеци. Летните месеци во Гостивар се значително повлажни од Скопските и може да се заклучи дека и во најтоплиот дел од годината, релативната влажност на воздухот е прилично висока.

Ветрови: Како најчести и најизразени се ветровите од северен правец 148‰ и јужен 119‰. Од останатите правци доста се изразени североисточниот со 82‰ и југозападниот од 84‰. Гостивар се одликува со често проветрување. Летото се одликува со тоа што тогаш преовладуваат јужните ветрови, а после нив се северните. Брзината на ветровите во Гостивар е умерена со средна брзина од 3-4m/s, а по нестабилна временска ситуација и при локални непогоди може да достигне и до 18-20m/s. Непосредната близина на планинските масиви до овој град се чувствува во секој период од годината.

Податоците се од мерна станица Гостивар.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, **изградбата на сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.**

Објективно, економскиот развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Гостивар со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината Гостивар каде припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Северната развојна оска" која се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на Државата и ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Кичево - Гостивар - Тетово – Скопје – Куманово - Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р. Бугарија и на запад кон Елбасан-Р. Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а

конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор

може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворот до водомерниот профил „Радуша". На ВП „Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика чии води се зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово".

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост $Q_{ср/год}$=4,15м^3/сек. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

За заштита на извориштето Рашче донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (Сл.весник на РСМ, бр. 3/21), каде се дефинирани четири заштитни зони:

- Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);
- Прва поширока заштитна зона;
- Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување);
- Трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување).

Трасата на локалниот пат **се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче.**

Во третата заштитна зона на изворот се забранува:

- Испуштање на непрочистени отпадни води, нафта и нафтени деривати, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи;
- Депонирање на отпад надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Било какви индустриски, хемиски, металуршки и рударски депонии на опасен и штетен отпад;
- Складирање на радиоактивни материи;
- Нерегулиран транспорт и нерегуларно складирање на: киселини, масла, отровни, опасни, штетни материи;
- Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- Неконтролирана сеча на шума;

Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче



граница на 1-ва потесна з.з. на изворот Рашче

граница на 1-ва поширока з.з. на изворот Рашче

граница на 2-ра з.з. на изворот Рашче

граница на 3-та з.з. на изворот Рашче

- Изградба на индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, освен со примена на построги мерки на заштита, исполнување на посебни услови и доколку со стручна експертиза се докаже дека нема да има штетно влијание врз квалитетот на подземните води согласно прописисте за животна средина и прописите за безбедност и квалитет на вода за пиење;
- Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци во третата заштитна зона се дозволува само откако ќе бидат пречистени според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- Не треба да се вршати други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;
- Во третата заштитна зона може да се спроведуваат мерки за одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насади за обнова на шуми и пошумување на голини за заштита од ерозија, од страна на ЈП „Национални шуми“.

Трасата на локалниот пат лежи на канал. При изработката на планската документација за патот и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити просторот од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејзажот и сл.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во

трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Така постојниот 110 kV преносен далновод Гостивар-Вруток минува на 0,3 km североисточно од оваа локација.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденият крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево, со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата на планираниот гасовод од делница-5 ќе минува на 0,3km источно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за

обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во дел од основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија и тоа:

- зголемување на нивото на функционална и комунална опременост уреденост на селските населби и зголемена ефикасност во сообраќајното поврзување на селските населби и руралниот простор со цел намалување на комуникациската изолираност на селото;
- подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура;
- ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- зачувување и унапредување на природните вредности и еколошки атрибути и афирмирање на културолошките особености и вредности.

Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја

како нови центри на развој. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила.

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на **адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување,** асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населбата од непосредната околина преку подобрување на инфраструктурна опременост во овој дел на регионот.

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции и праксата на организирање и финансирање на овие дејности. Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации, ќе бидат значајни за организирање на јавните функции во одделни подрачја.

На предложената траса **за сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар,** нема организација на јавни функции (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на областите од стопанскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување просторна разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата во планскиот период и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите на заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меѓитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ;
- **М-4** - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите:

Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат *регионалните патишта*, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:

- **Р2233** - (Гостивар-врска со А2 –Чегране-клучка Тетово запад -врска со А2-Бревница).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** се базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес ..... 145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово..... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи

целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Според Просторниот план на Република Македонија, железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

‡ **АЛ-Струга-Кичево-Скопје .....143,0 km**

<u>Воздушен сообраќај:</u> Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Државата треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска мрежа и антенски системи

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на

нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонска централа во Гостивар.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

Подготвителни активности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;

Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови

и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Предметната траса се наоѓа во III заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), кои се однесуваат на оваа зона.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно законската регулатива од областа на заштита на природата и подзаконските акти донесени врз нивна основа, потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Гостивар кое е предмет на анализа има регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

- *Куќа на ул. "Чеде Филиповски" бр.68, Гостивар, 20 век;*
- *Куќа на ул. "Иво Рибар Лола" бр.80 Гостивар, 20 век;*
- *Куќа на ул. "Кочо Зози" бр.85, Гостивар, 19 век;*

- *Саат Кула, Гостивар, турски период;*
- *Спомен костурница во Градскиот парк, Гостивар, 20 век.*

На подрачјето на катастарската општина Гостивар има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

- *Археолошки локалитет "Св.Никола" , Гостивар, среден век;*
- *Јени Џамија, Гостивар;*
- *Саат Џамија, Гостивар, 17 век;*
- *Спомен гробница на 4 активисти, Гостивар, 20 век;*
- *Спомен гробница на загинатите борци од егејската бригада, Гостивар, 20 век;*
- *Стара училишна зграда на ул. П.Поповски бр. 52, Гостивар, 20 век;*
- *Улица Никола Парапунов, Гостивар, 19 век;*
- *Црква Св.Димитрие, Гостивар;*
- *Црква Св.Петка, Гостивар.*

На подрачјето на катастарската општина Чајле, има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

- *Археолошки локалитет "Ветва Црква",Чајле, доцен среден век;*
- *Археолошки локалитет "Градиште" (Калаја),Чајле, железен-римски период;*
- *Археолошки локалитет "Рудина",Чајле, доцен среден век.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини евидентирани се следните локалитети:

КО Гостивар:Железничка станица, депо на средновековни монети; Св. Никола,средновековна некропола.

КО Чајле- *Ветва Црква* –средновековна црква и некропола; *Градиште-Каља,* утврдена населба од железно и од доцноантичко време; *Јурија-Рудина,* средновековна населба.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;

– измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Република Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Шарско - Полошки туристички регион со утврдени 3 туристички зони и 14 туристички локалитети и низ неа минува Транзитен коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за условите за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско-планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се

погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

При изработка на планската документација од областа на заштитата и спасувањето задолжително да се применуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат

соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Гостивар**.

Да се почитуваат одредбите од Законот за пожарникарството, во кои се регулира дејствувањето на територијалните противпожарни единици при гаснењето на големи пожари на целата територија на Републиката.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

- Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:
- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

– Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата на предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- На просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Предвидената траса се наоѓа во границите на III заштитна зона на изворот Рашче. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура и заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на

планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.

- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар. Условите за планирање на просторот се издаваат за траса со должина од 1,24 km.

Трасата за која се издаваат услови за планирање на просторот се граничи со плански опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хала за изработка на лимени конструкции, на КП 586, КО Чајле, м.в. Големи ниви, Општина Гостивар, со тех.бр. Y23310.

Предвидената траса се наоѓа во границите на III заштитна зона на изворот Рашче.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитените зони на изворот Рашче.**

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставуваат значајна детерминанта на идниот економски развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.**
- **Изградбата на сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско

користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Трасата на локалниот пат се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче. Во оваа зона мора да се почитува режимот на заштита на извориштето пропишан со „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“ (Сл.весник на РСМ, бр. 3/21).
- Трасата на локалниот пат лежи на канал. При изработката на планската документација за патот и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити просторот од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејзажот и сл.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За новопредвидените градби потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Реализацијата на документацијата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населбата од непосредната околина преку подобрување на инфраструктурна опременост во овој дел на регионот.**

Јавни функции

- На предложената траса **за сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар,** нема организација на јавни функции (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- **Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата во планскиот период и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите на заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:**
  Р2233 - (Гостивар-врска со А2 –Чегране-клучка Тетово запад -врска со А2-Бревница).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Трасата со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на**

заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Гостивар и Чајле има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за којашто се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Шарско - Полошки туристички регион со утврдени 3 туристички зони и 14 туристички локалитети и низ неа минува Транзитен коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за условите за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена сообраќајна инфраструктура за изградба на локален пат од Гостивар до село Чајле, Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- југ-север
- западна
- јужна
- северна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



А. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

КО ГОСТИВАР 1

КО ЧАЈЛЕ

Размер 1: 2500



Легенда

- Катастар на недвижности
- Опфат на ажурирање
- Објект
- Снимена состојба од лице место
- Шахта
- Сливник
- Далек. низок напон бетон
- Канал
- Железна пруга
- Постоечки пат
- Снимена точка со надморска висина

Изготвил геод.стручно лице:
м-р Зекри Ислами
дипл. геод. инж.

Гостивар

PRO-ENGINEERING
„Про-Инженеринг" Доо, Тетово
Ленин пресек на ул.ул.бр.20 Тетово
Lenin presek na ul.ul.br.20 Tetovo
pro_engineering2006@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Урбанистички Проект за Инфраструктура за изградба на линиски инфрастуктурен објект со класа на намена Е1.1 -Сообраќајни инфраструктури - Локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар

ЛЕГЕНДА :

— — U-1.1 Граница на проектен опфат за линиски инфраструктурен објект- со класа на намена Е1.1 -Сообраќајни инфраструктури - Локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар
Вкупна должина **Лвк.=2084,35 m ; P=21143,80 m²,**

	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи; лиценца за проектирање бр.П339/А; лиценца за урбан.планиран бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Општина Гостивар	РЕВИЗИЈА:
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Гостивар	
ПЛАН:	Урбанистички проект за инфраструктура	
ПРИЛОГ:	Ажурирана геодетска подлога	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПЛАНЕР: Дипл.инж.арх. Елена Арсов; овластување бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: Дипл.инж.арх. Елена Арсеска; овластување бр 0.0529; Дипл.инж.арх. Миремо Ферати	ИНФРАСТРУКТУРА: Д.е.и. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:2500; ТЕХНИЧКИ БР. 04-01/2025; ДАТА Февруари, 2025; ГРАФИК бр: 01

Б. УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

I.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПРОЕКТОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Урбанистичкиот проект за изградба на линиски инфрастуктурен објект - со класа на намена Е1.1 -Сообраќајни инфраструктури - Локален пат од Гостиваар до с.Чајле - општина Гостивар е со граница на проектен опфат која преставува површина која ја опфаќа планираната траса на локалниот пат и е со површина од 21143,80 м2, и вкупната должина на планираната траса изнесува 2084,35 м.

ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Површината на проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за изградба на линиски инфрастуктурен објект - со класа на намена Е1.1 -Сообраќајни инфраструктури - Локален пат од Гостиваар до с.Чајле - општина Гостивар **е со површина од 21143,80 м2, додека вкупната должина на планираната траса изнесува 2084,35 м.**

Предметниот проектен опфат е со површина од 21143.80 м2 (2,11 ха) и вкупна должина од Л= 2084,35м (Л=2,08 км) .

- **Во рамките на планскиот опфат на ГУП-от на град Гостивар површината на проектниот опфат изнесува П=8548,90 м2 (0,85 ха), должина Л= 846,55 м (0,85 км) и за кој дел нема потреба од услови за планирање.**

- **Надвор од границите на планскиот опфат на ГУП-от на град Гостивар површината на проектниот опфат изнесува П= 12594,91 м2 (1,26 ха), должина Л=1237,80м (1,24 км) и за која должина е потрбно да се изработуваат услови за планирање на просторот.**

	X	Y
1	7493343.399	4629338.014
2	7493344.980	4629335.761
3	7493354.131	4629333.337
4	7493442.654	4629377.142
5	7493488.028	4629411.717
6	7493537.297	4629429.115
7	7493605.859	4629451.102
8	7493729.069	4629487.027
9	7493827.460	4629501.482
10	7493970.294	4629540.453
11	7494188.924	4629572.098
12	7494221.275	4629578.154
13	7494337.913	4629618.171
14	7494424.920	4629657.549
15	7494501.926	4629689.518
16	7494617.377	4629727.258
17	7494726.381	4629754.842
18	7494783.335	4629775.016
19	7494813.888	4629793.337
20	7494931.548	4629843.176
21	7494982.093	4629868.200
22	7495024.989	4629893.939
23	7495090.740	4629941.698
24	7495164.225	4629996.121
25	7495182.278	4630007.103
26	7495268.665	4630059.650
27	7495285.053	4630071.321
28	7495260.455	4630027.855
29	7495261.483	4630031.364
30	7495252.607	4630038.177
31	7495182.278	4629995.398
32	7495169.810	4629987.814
33	7495096.654	4629933.634
34	7495030.510	4629885.590
35	7494986.892	4629859.418
36	7494935.721	4629834.083
37	7494818.428	4629784.400
38	7494787.616	4629765.924
39	7494729.284	4629745.261

40	7494620.161	4629717.647
41	7494505.402	4629680.133
42	7494428.900	4629648.374
43	7494341.605	4629608.866
44	7494223.724	4629568.439
45	7494190.561	4629562.230
46	7493972.334	4629530.644
47	7493829.510	4629491.676
48	7493731.205	4629477.234
49	7493608.786	4629441.539
50	7493540.392	4629419.606
51	7493492.847	4629402.817
52	7493447.951	4629368.605
53	7493351.811	4629321.032
54	7493338.850	4629306.159

2.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планските решенија за инфраструктура со реализација на овој проект, ќе се овозможи урбанистичко и комунално уредување на локалитетот според потребите на локалното население и идните инвеститори. Планираната траса за изградба на линиски инфраструктурен објект локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар на, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населнеите места од непосредната околина преку подобрување на сообраќајна инфраструктурна опременост во овој дел на регионот.
Со изградбата на овој линиски инфраструктурен објект - локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за поврзување на споменатите населени места и обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.

Сообраќајна инфраструктура

Во рамките на проектниот опфат не постои категоризиран пат. Предметниот линиски инфрастуктуен објект-локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар во општина Гостивар е асфалатиран пат. Од западниот дел поминува Р2231Гостивар (врска со Р2233) – Србиново-Туин-Осломеј-врска со А2, во источниот дел патен правец Р 2233–Гостивар (врска со А2) Чегране-клучка Тетово запад (врска со А2) , Брвеница се поврзува на патната мрежа во државата.

Водоснабдување

Од ЈКП Комуналец Гостивар, на се добиени податоци за водоводна инфраструктура која е во нивна надлежност на предметниот опфат.

Електроенергетска инфраструктура

Од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, со допис бр. 10-55/6-77 од 05-03-2025 год. се добиени податоци за постоечките електроенергетски инсталации на предметниот опфат и истите се прикажани на графичкиот прилог

Од МЕПСО, Скопје, со допис бр. 11-1281/1 од 28.02.2025 год се добиени податоци дека предметниот опфат не се пресекува со ЕЕ објект.

Телекомуникациска инфраструктура

На предметниот проектен опфат нема постојна МКТ инфраструктура согласно податоците добиени од страна на Македонски Телеком АД Скопје со допис бр. 69279 од 27.02.2025 год.

На местата на вкрстувањата на постојните телекомуникациски инсталации со планираниот пат со овој проект се предвидува поставување на празно ПЕ Цевка за водење на дополнителни инсталации.



3.ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот Проектот за инфраструктура е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 , 111/23, 171/24, 224/25 и 40/25) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 07/25).

Општите услови важат за целата површина на проектниот опфат.

Проектен опфат се дефинира со утврдување на границата на проектниот опфат која секогаш е затворена линија што го опкружува подрачјето на кое се протега правното дејство на проектот за инфраструктура.

Заштитен коридор – е земјиште во кое несмее да се врши темелење на објекти кој не се во функција на инфраструктурата за која е наменет заштитниот коридор

Намена на земјиште подразбира начинот на уредување, изградба и употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат во нив. Намената на земјиштето е дадена со еднострана штрафажа која зависи од намената и има соодветна боја. Во квадратите се назначува класата на намена.

3.1. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат

Во овој Урбанистички проек за инфраструктура е планирана следната наменска употреба на земјиштето:

Е1.1- Сообраќајни инфраструктури-локален пат

3.2. Други детални услови

Посебните услови за градење служат за спроведување на урбанистичкиот проект за инфраструктура и истите содржат техничко решение за планираната инфраструктура.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1.Мерки за заштита на културното наследство, конзерваторски основи

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи

согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно (Сл. Весник на РМ бр: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 , 39/16 и 11/18) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).

Согласно Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ бр.32/20) во урбанистичките проекти, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Во рамките на проектниот опфат не постои регистрирано, ниту пак евидентирано културно наследство. Но доколку при реализација на овој проект се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 129 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 , 39/16 и 11/18), односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

4.2.Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15,192/15, 39/16 , 99/18 и 89/22).

Проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на градбите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина (воздух, вода, почва), на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за животната средина и посебните закони, од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во регионалната санитарна депонија.
- озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

При преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука.

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

4.2.1.Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи. Изградбата и употребувањето на планираната инфраструктурна градба неможе да доведе до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

4.2.2 Мерки за заштита на почвата

Изградбата и употребувањето на линискиот инфраструктурен објект неможе да доведе до загадување на почвата.

4.2.3 Управување со отпад

Со овој УП се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија ″Русино″.

Согласно член 7 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и Сл.в. на РСМ, бр.216/21), создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Доколку општината отпочне со управување со отпадот ќе се примени претходна селекција за понатаму отпадот да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

4.2.4 Мерки за заштита од бучава

Со оглед на планираните намени во рамките на проектниот опфат на УП от не се потребни дополнителни мерки за заштита од бучава.

4.3 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население

-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:
1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием Владата го уредува со уредба.
Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
3) изградба нан снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4) Обезбедување на противпожарни пречки
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на проектните решенија на УП за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандарди и нормативи утврдени со Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Службен весник на РСМ 215/21), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на РМ бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на РМ бр.76/06) и Уредбите за споведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на РМ бр.98/05).

4.3.1 Засолнување

Согласно критериумите од член 62 од Законот за заштита и спасување засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);
Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.

4.3.2 Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода

и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Просторот не е подлежен на поплави, со оглед на конфигурацијата на теренот.

4.3.3 Мерки за заштита од пожар

При изработката на овој УП се предвидени пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16,106/16 и 83/18) и Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 , 39/16 и 152/19) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбата
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу објектите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбата овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајницата е со доволна ширина, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- во градот Гостивар се наоѓа противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Скопје, би изнесувал од 15 до 20 мин.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозиии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарниапарати, според пропишани срандарди. Уредите, инсталацииите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредеди места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележени и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно член 70 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ 215/21), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти е должен да изготви посебен елаборат за

застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Исто така потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти на растојание од 150 метри што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места да бидат максимално оддалечени Л=150 метри.

4.3.4 Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно член 80 Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита и спасување од не експлодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

4.3.5 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во овој УП е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

За трусноста на подрачјето се донесени заклучоци врз основа на анализи и статистики на земјотресите што се случиле во претходниот период. Во поширокиот круг на Полог земјотресите биле со јачина од 7 – 9 степени МКС. Површински целата територија на општината е потенцијално активна до 8 степени по МКС.

Се предвидува асеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбата, како составен дел на Основниот проект.

4.3.6 Мерки за сообраќајни несреќи

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот. Временскиот рок за дејствување на возилата за прва помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.
Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста најблиската противпожарна станица.

4.3.7 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

4.3.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

4.3.9 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:
-РХБ извидување на територијата
-дозиметриска контола
-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

4.3.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на поврдувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат зависи од оддалеченоста на најблискиот медицински центар и болница.

4.3.11 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.
Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи

4.3.12 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминациај и други видови на загрозување.
Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.3.13 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.
За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

4.4 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33% или во однос (1:12), согласно член 192 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
При изработка на проекти за уличната мрежа на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Поставување на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај а особено на лица со инвалидност со колички.

2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Урбанистичкиот проект за изградба на линиски инфрастуктурен објект - со класа на намена Е1.1 -Сообраќајни инфраструктури - Локален пат од Гостивар до с.Чајле - општина Гостивар е со граница на проектен опфат која преставува површина која ја опфаќа планираната траса на локалниот пат е со површина од 21143,80 м2, и вкупната должина на планираната траса изнесува 2084,35 м.

Урбанистички параметри во граници на проектен опфат:

- Проектен опфат 21143,80 м2,
- Наменска употреба на градежното земјиште:
  - Е1.1- Сообраќајни инфраструктури –локален пат во населени места со површина од 21143,80 м2 и должина на траса од 2084,35 м.

НУМЕРИЧКИ ВРЕДНОСТИ ОД ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	21143,80 м2
2	Е1.1- Сообраќајни инфраструктури-локален пат	21143,80 м2

за работниот тим:

д.и.а. Елена Арсов Овластен планер 0.0362

Digitally signed by Elena Arsov
DN: c=MK, serialNumber=207619, sn=Arsov, givenName=Elena, cn=Elena Arsov
Date: 2025.03.21 12:46:29 +01'00'

д.и.а. Елена Арсеска Овластен планер 0.0592

д.г.и Муса Муслија

Digitally signed by Musa Muslija
DN: c=MK, serialNumber=207616, sn=Muslija, givenName=Musa, cn=Musa Muslija
Date: 2025.03.21 12:48:26 +01'00'

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ


ЕВН 10(20)_kV Надземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Надземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Надземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Подземна мрежа
ЕВН 10(20)_kV Под

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

LORANIPROEKT

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM DHE MBIKQYRJE
Rr.ILINDENSKA 83, TETOVË

ЛОРАНИПРОЕКТ

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ ИЗВЕДБА И НАДЗОР
УЛ. ИЛИНДЕНСКА БР.83, ТЕТОВО

ИНВЕСТИТОР : **ОПШТИНА ГОСТИВАР, ВО ГОСТИВАР**

INVESTITOR : **KOMUNA E GOSTIVARIT, NË GOSTIVAR**

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

ПРЕДМЕТ: Новопроектирана улична мрежа на локален пат во Гостивар

Тек.бр. 810/20

PROJEKT KRYESOR

LËNDA : Projektimi i rrjetit rrugor për rrugën lokale në Gostivar

Nr. tekn. 810/20

ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРАЗА ЛОКАЛЕН ПАТ

ОБЈЕКТ : во с. "Чајле", во Гостивар; од км. 0+000.00 до км.0+2113.11

INFRASTRUKTURA E RRUGËS LOKALE

OBJEKT : në f. "Çajlë", në Gostivar; nga km. 0+000.00 deri në km. 0+2113.11

ПРОЕКТАНТ :	PROJEKTUES:
ОСМАН СУЛЕЈМАНИ д.и.а **АРБЕН ЕМИНИ д.г.и.** **БЛЕРТА ЖУПАНИ д.и.а.**	**OSMAN SULEJMANI i.d.a.** **ARBEN EMINI i.d.n.** **BLERTA ZHUPANI i.d.a.**

ПАТИШТА " Г "/ ВТОРА КАТЕГОРИЈА **RRUGË "G" / KATEGORIA E DYTË**	**Тек. бр. 810/20** **Nr. tek. 810/20**

ДАТУМ: Октомври, 2020

DATA: Tetor, 2020

Nënshkrimi - Elektronik; Електронски - Потпис.

ИНВЕСТИТОР: **ОПШТИНА ГОСТИВАР**

ГРАДБА: **НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЧНА МРЕЖА НА ЛОКАЛЕН ПАТ**
во с. Чајле – ОПШТИНА ГОСТИВАР

ЛОКАЦИЈА: **с. Чајле – ОПШТИНА ГОСТИВАР**

ИЗРАБОТУВАЧ: **ЛОРАНИПРОЕКТ Осман ДООЕЛ**
експорт-импорт Тетово

ТЕХ. БРОЈ: **810/20**

НИВО НА ИЗРАБОТКА: **ОСНОВЕН ПРОЕКТ**

ВИД НА ПРОЕКТ: **ГРАДЕЖЕН ДЕЛ** **- Г-**

ФАЗА НА ПРОЕКТОТ: **НИСКОГРАДБА**

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ: **Осман Сулејмани д.и.а.**

ПРОЕКТАНТИ: **Арбен Емини д.и.г.**
Блерта Жупани д.и.а.

ДАТУМ: Октомври, 2020.

Управител:

Осман Сулејмани дипл.инж.арх.

_____

СОДРЖИНА

ГРАДЕЖЕН ДЕЛ-НИСКОГРАДБА

I. ОПШТ ДЕЛ

Регистрација на претпријатие

Лиценца

Решение за одредување на проектански тим

Овластување на проектанти

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

- **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Технички опис
2. Технички услови
3. Нумерички податоци за трасата
4. Предмер на работите

- **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Постоечка ситуација	M = 1:2000
2. Хоризонтално решение - ситуација	M = 1:2000
3. Надолжен профил	M = 1:1000/100
4. Попречни профил	M = 1:100
5. Детал	M = 1:50

I. ОПШТ ДЕЛ

Број: 0805-50/150220200005025

Датум и време: 19.10.2020 г. 11:17:16

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4209192
Целосен назив:	Друштво за проектирање,изградба надзор и трговија ЛОРАНИПРОЕКТ Осман ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
Кратко име:	Д.П.И.Н.У.ЛОРАНИПРОЕКТ Осман ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
Седиште:	ИЛИНДЕНСКА бр.83 ТЕТОВО, ТЕТОВО
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	11.1.1991 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4028991109800
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	1.700.000,00
Непаричен влог MKD:	334.400,00
Уплатен дел MKD:	2.034.400,00
Вкупно основна главнина MKD:	2.034.400,00

СОПСТВЕНИЦИ

ЕМБГ/ЕМБС:	1004958470001
Име и презиме/Назив:	ОСМАН СУЛЕЈМАНИ
Адреса:	РАДОВАН ЦОНИЌ бр.17 ТЕТОВО, ТЕТОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	1.700.000,00
Непаричен влог MKD:	334.400,00

Уплатен дел MKD:	2.034.400,00
Вкупен влог MKD:	2.034.400,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	23.69 - Производство на други производи од бетон, гипс и цемент
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

ЕМБГ:	1004958470001
Име и презиме:	ОСМАН СУЛЕЈМАНИ
Адреса:	РАДОВАН ЦОНИЌ бр.17 ТЕТОВО, ТЕТОВО
Овластувања:	Управител без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	lorani@mt.net.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Бесмира М Мустафи

Овластено лице:
Срќко Лазаревски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за проектирање, изградба, надзор и трговија ЛОРАНИПРОЕКТ Осман ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

Ул.Илинденска бр.83 Тетово, ЕМБС 4209192

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **10.12.2022 година**

Број: **П.320/А**

10.12.2015 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТАНТСКИ ТИМ

ГРАДБА:	**НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЧНА МРЕЖА во с. Чајле - ОПШТИНА ГОСТИВАР**
ЛОКАЦИЈА:	**с. Чајле – ОПШТИНА ГОСТИВАР**
ТЕХ. БРОЈ:	**810/20**
НИВО НА ИЗРАБОТКА:	**ОСНОВЕН ПРОЕКТ**
ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:	Осман Сулејмани дипл.инж.арх.
СОРАБОТНИЦИ:	Арбен Емини д.и.г. Блерта Жупани д.и.а.

Управител:

Осман Сулејмани д.и.а.

ЛОРАНИПОЕКТ Осман
ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

E-mail: loraniprojekt@gmail.com
Mob. +38970209836

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30,16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

ОСМАН СУЛЕЈМАНИ

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 19.11.2023 год.

Број: 1.0050

Издадено на: 20.11.2018 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30,16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

АРБЕН ЕМИНИ

дипломиран градежен инженер

Овластувањето е со важност до: 06.02.2024 год.

Број: 2.2005

Издадено на: 07.02.2019 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

ЗА НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЧНА МРЕЖА НА ЛОКАЛЕН ПАТ

УЛ. Во “ Село ЧАЈЛЕ”, - ГОСТИВАР

Новопроектирана улична мрежа на локален пат

од км. 0+0.000 до км. 0+2113,11;

Гостивар,

Октомври, 2020

Назив на објект:	**Новопроектирана улична мрежа во ‘’С.Чајле’’.**
Назив на проект:	**Основен проект за новопректирана улична мрежа во ‘’С.Чајле’’ - Гостивар.**
Инжинерска област и	**ГРАДЕЖЕН ДЕЛ - Г-**
Категориа на градва:	**НИСКОГРАДБА**
Ниво на проектирање:	**Основен проект**
Инвеститор:	**Општина Гостивар, во Гостивар**
Проектант:	**Осман Сулејмани д.и.а.**
Соработници:	**Арбен Емини д.и.г.** **Блерта Жупани д.и.а.**
Ревидент:	
Технички број:	**810/20**
Место и датум:	**Гостивар, Октомври 2020**

Изготвил:

Осман Сулејмани. Д.И.А.

СОДРЖИНА

А. Општ дел

- **Регистрација на фирма**
- **Лиценца “А” за проектирање на градби од прва и втора категорија**
- **Решение за назначување на одговорен проектант и соработници**
- **Овластување “А” за проектирање на градби како одговорен проектант**
- **Овластување “Б” за изработка на проектна документација од градижништво**
- **Потврда за извршена контрола – контрола на квалитет**
- **Учесници во проектот**
- **Проектна Програма**
- **Записници од одржани состаноци**
- **Завршен ревитенстки извештај**

А. Општ дел

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

Кон Основен проект за новопроектирана улучна мрежа во ‘’С.Чајле’’,

од км. 0+0.000 до км. 0+2113,11;

ОПШТО

На барање на Инвеститорот (како нарачател) Општина Гостивар, Проект за подобрување на општинските услуги, Лоранипроект ДООЕЛ-Тетово изработи Основен сообраќаен проект (градежен дел) за новопроектирана на локален пат во Општина Гостивар. Имено, локалниот пат е лоциран во Општина Гостивар.

Постојниот локален пат е неизградена конструкција која е местимично оштетена со оштетувања од типот на ударни дупки, попречни и подолжни пукнатини, слегнувања и сл. Постојниот локален пат е со променлива ширина која варира од приближно 6.5-7.0m и истата имаат можност за зголемување на профилот на патот со што би се зголемила и безбедноста на учесниците во сообраќајот.

1. Цел и предмет на проектот

Цел и предмет на задачата е изработка на проектна документација во фаза на Основен сообраќаен проект (градежен дел) за новопроектирана улична мрежа во ***‘’С.Чајле’’***, Гостивар, патот е лоциран во Општина Гостивар и за тоа потребно е да се изградба на нова асфалтна конструкција, како и доградба на одводен систем.

Цел на задачата е да се добијат доволно влезни податоци како и дефинирање на програмските услови и параметри за изработка на Основниот проект и подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот.

2. Постоечка состојба на предметната локација

Според досегашните податоци, како и од увидот на лице место, може да се заклучни дека ударни дупки има на дел од коловозната лента подолг временски период, во вид на слегнувања, кои се деференциални и се резултат на поранешната санација на патот.

Еден од значајните појави е регистрирана на локалниот пат во ,‘’С.Чајле’’ - Гостивар. Должината на зафатената зона со поместувања во зона на пресек кај патот е околу 2113,11м.

3. Основи за проектирање

Како основи за проектирање користени се сите подолги од кои се добиваат потребни информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребни влезни сообраќајни параметри.

При изработка на Основниот проект користени се:

- Проектна програма за изработка на техничката документација во фаза на Основен проект,
- Топографски и геодетски подлоги,
- Тотално новопроектирање на трасата и изготвување на основните подлоги – ситуации на теренот на патот,
- Важечка законска и техничка регулатива.
- Подзаконски акти (правилници, стандарди и нормативи) кои вршат регулирање на материјата опфатена со оваа проектна задача.

Изведувачот е должен пред да започне со градежните работи да ги повика институциите за да се констатира во градежниот дневник дали на трасата има или нема подземни инсталации, се со цел да не дојде до нивно оштетување при вршење на ископ.

Констатациите треба да бидат на писмено добиени од институциите кои ќе бидат повикани од страна на Изведувачот, каде ќе се констатира трасата и длабочината на постоечката инсталација. Ова е потребно да се направи за Изведувачот при вршење на ископот не направи оштетувања на постоечките инсталации.

Доколку Изведувачот не ги констатира овие работи што се споменати во точката IV, за секое оштетување на постоечка инсталација одговорноста е негова.

4. Подолги за проектирање

За утврдување на конструктивните елементи на траса и поставување на основина, извршено е детално техиметриско снимање на трасата на следниот начин

- Поставување на оперативен полигонски влак е направен по целата должина на трасата. Потоа и извршено мерење на оперативниот полигонски влак со нивните апосолутни коодринати и висини во однос на сталните геодетски точки со нивните апсолутни вредности X, Y и Z.

После извршеното геодетско снимање на влакот се премина на обележување на трасата и нејзино снимање.

Исто така снимени се постоечки објекти покрај трасата, постоечки пропусти, канализациони шахти, атмосферски шахти, хидранти, и сл.

Со сите извршени геодетски мерења изработена е гоегетска постоечка ситуација со примена на софтверска програма за обработка на теренско моделирање.

5. Проект за коловозна конструкција

За изработка на Основниот проект извршени се теренски увид на горниот строј на предметна локација за локалниот пат во ‘’С.Чајле’’, во Гостивар, од каде е утведена постоечката коловозна конструкција односно најзините бегатонски и тампонските слоеви.

Според тоа за новата коловозна конструкција и рехабилитацијата на локалниот пат се предложуваат следниве слоеви кои ќе одговараат за тешко сообраќајно оптерување и тоа:

А). Новопроектирање:

- *Битуменизиран носив слој БНХС 16, д=7 цм*

- *Тампонски слој од дробен камен д=30 цм*

- *Насип со материјал ЦБР > 20%.*

7. Проектирање

7.1 Хоризонтално решение

Ситуационото решение на дел од пат во ‘’С.Чајле’’, во Гостивар, од постојните теренски усчови. По поставувањето на полигонскиот влак и негово пресметување, снимена е постоечката гоедетски инструмент и со помош на добиените снимени компјутеризиран геодетски инструмент и со помош на добиените снимени податоци, изаботена е ситуација на фактичната теренска состојба. На така припремена подлога извршено е лоцирање на осовината на патот.

Ситуационото решение е конструирано со правци и кривини кои се однесуваат на осовината на патот согласно проектните услови зададени со Проектната задача и според проектните услови.

Почетокот на трасата е послем завршеток во. ‘’С.Чајле’’ - Гостивар, со вкупна должина од околу 2113,11 м.

Сите детали кои се предмет на ситуациониот план, презентирани се во ситуациониот план во размер 1/2000. На овие лисотви се прикажани релевантните поадтоци за проектната гоеметрија во сите тру проекции, како и патот и објектите.

7.2 Вертикално решение

Вертикално решение на дел од локален пат во ‘’С.Чајле’’ , во Гостивар, е дефинирано со линијата на нивелетата, која е одредена како пресек на една вертикана рамина положена низ оските на рамните во ситуација.

Нивелетата на улиците е водена согласно постојната, при тоа водено е сметка да се запазат просторните ограничувања и висински да се вклопи на влезовите од куќите и на крстосниците со улиците со кои се поврзуваат, а при тоа да се запази минималниот надолжен наклон од 0,20% на места на кои дозволуваат просторните ограничувања.

Со цел да има ефикасно одводнување на коловозот проектиран е минимален наклон на нивелетата е i=0,20% а максималниот i=1,41%.

Со цел да се вклопи нивелетата на постоечките влезови и крстосници на прекршувањата на нивелетата проектирани се вертикални кривини со радиус Rмин=500м и со максимален радиус Rмакс=1500м.

Попречниот наклон на коловозот е едностран и генерално изнесува i=2,50%.

Направено е соодветно витоперење за проектна брзина Vp=30км/час.

Правците на нивелетата се дегормирани со нивните наклони, додека вертикалните кривини се определени со радиусите на закривеност.

Граничните вредност на проектираните елементи се одредени според вознодинамичките, експлотационите и конструктивните критериуми, додека применетите големи се одбрани според правилата за проектирање и теренските услови.

Вертикалното решение на трасата е условено према локалните услови и конфигурацијата на теренот.

На почетокот на трасата, нивелетата е во успон и истата започнува послем раскрсинаца, со вкупна должина од околу 30 м.

Бидејќи постоечката коловозна конструкција е во многу лоша состојба, истата се отстранува во деловите каде што ударните дупки се во поголем размер, додека на останатиот дел се рехабилитира. Исто така при изработката на нивелетата, водено е сметка, сите постоечки пропусти да бидат искористени.

Сите детали кои се предмет на надолжниот профил, презентирани се во размер 1:100/1 000.

8. Карактеристични критични напречни профили

Конкретните состојби на попречните профили се одредени со геодетско снимање, обработка и презентација на податоците.

Врз основа на изворните снимени податоци и податоците табелирани со надолжниот профил проектирани се попречни профили како детални решенија презентирани во размер 1:100. Во содржина на овој прилог дадени се:

- Стационажа и број на профилот.
- Снимена теренска линија како основа за проектирање дадена со коти и растојанија во однос на референтната осовина.
- Хоризонтално котирање на секој профил во однос на референтната оска.
- Проектански коти по референта осовина и работите.
- Податоци со единечни вредности за застапените позиции во профилот добиени компјутерски кои се основа за табелирано дефинирање на предметот на работите.
- Мерки и начин за трајно решение на одводување на атмосверските води.

9. Одводување

Долж улиците одводнување на површинската вода е овозможено со подолжни и попречни наклони на кои ја одведуваат водата до сливници долж улицата. Сливници, предвидено е да се испуштат во попивателни бунари.

10. Предмер со пресметка

Врз база на карактеристичните критични напречни профили и ситуационото решение се изработени сите потребни поединечни предмери, а врз база на нив е изработен општ предмер со пресметка каде дадените цени се проектантски.

Составил:

Осман Сулејмани д.и.а.

Технички услови на работите

I. ПРИПРЕМНИ РАБОТИ

1. Обнова на трасата со осигурување на темињата и главните точки

Пред почнување на работите да се изврши обележување и обновување на трасата и осигурат темиња и главните точки на правецот. Осигурањето да се изврши надвор од појасот на работите и да се наготви посебна скица. Оваа позиција опфаќа и контрола на попречните порфили на терен.

2. Рушење на објектите на теренот

Работата содржи ископ и демонтирање на сообраќајните знаци, риголи, бетонски канали, шахти, рушење на постоечките коловози констукции, отстранување на ивичњаците, или други слични препреки од материјал и отпадоци кои би пречеле на било каков начин при изведувањето на работите односно сите рушења сврзани за изведување на договорениот на работите односно сите рушења сврзани за изведување на договорниот објект или доградбата на постоечки коловозни траки и пропусти. Во работата не се вклучени разните отстранувања на инсталации во употреба, како што се електроводи, кабли од висок и низок напон, телефонски водови и кабли, водоводни инсталации, гробишта кои треба да се пресметат или преработат, но се вклучени оние делови од тие објекти како темели или делови од објектите од масивен каменен материал, бетон или цигли и сл. кое е потребно да се срушат после преместувањето или да се преработат наведените видови и бојекти.

Изведување

Рушењето на објекти на теренот треба да се изведе на сите означени или определени површини, како и на поодделни места, кои ќе ги определи Надзорниот орган, а на кои се потребни чистења, поради изведувањето на градежни работи или поради самата естетика при уредувањето на непосредната околина на патот.

Откопувањето и демонтирањето на сообраќајните знаци, одбојните и другите огради, колобрани, смерокази, километарски ознаки и слично треба да се изврши така за да се сочуваат сите составени делови неоштетени и да можат повторно да се употребат. За таа

цел пред демонтирањето, во договор со Надзорниот орган, треба да се определи кои деловои ќе се сочуваат, складираат и заштита од пропаѓање, а кои делови може да се фрлат, односно отстранат. Местото на складирањето го определува Надзорниот орган, а изведувачот е должен привремено да ги складира демонтираните делови, до превезмањето од претставникот на Инвеститорот, во своите складишта кои се пристапни за превоз. Денот на превземањето ќе го определи Надзорниот орган.

Рушењето на ѕидовите и објектите од сите објекти или земјоделското земјиште – културите, односно на самиот постоечки пат.

Рушењето на постојните коловози треба да се изврши така да местото на рушењето мора да биде припремено за функционална употреба според намената, која се предвидува по проектот, односно како тоа ќе го определи Надзорнот орган.

Отстанувањето на ивичњаци, риголи, шахти, рушењето на огради и слични препреки треба да се изврши така, наведенте препреки наполно да се естетичко изглед на патот и околината.

Отстранувањето на оние делови на објектите, разни видови од инсталации, кои поради градењето на патот мораат да се преработат, а чии што темели или масовни делови на конструкцијата не може да се деменонтираат или пресечат за да се отстранат, треба да се изврши наполно аналогно на останатите работи на отстранување, односно чистење на теренот.

Начинот на изведување на работата го определува Изведувачот сам, при што мора да ги почитува сите прописи за сигурност на работата и да се спречаат било какви штети на туѓа сопственост и пречка на истата.

Целокупната штета која би настанала поради работата, оди исклучително на товар на Изведувачот. Целиот матерјиал може да се употеби за договорената работа и Инвеститорот нема право за тоа да бара никакво плаќање, освен за материјал кој што го превзема Надзорниот орган. Рушењето на зградите се изведува така што е можно повеќе да се сочува материјалот.

3. Употребување на постоечкиот коловоз – орапавување со профилирање планирање (стругање) и сечење

Оваа работа опфаќа уредување на постоечкиот коловоз кога истиот се надградува, зајакнува или проширува. За таа цел се применуваат следните зафати: орапавување со профилирање, гребење и сечење (отстранување на дел од постојниот коловоз). Овде се подразбира утовар и транспорт на струганиот материјал, како и машинско чистење на струганите површини.

- Орапавување со профилисување д =0-4см.

Се врши по машински пат по ледна постапка на постојниот коловоз со длабочина и ширпчина на површините предвидени со проектот. Цел е да се постигнат дозволени (минимални) технолошки дебелини на новиот слој за надградба (слој за израмнување). По извршеното машинско чистење, орапавената површина мора да е со хомоген изглед. Не се дозволува употреба на неисправна опрема за орапавување.

По извршеното орапавување со профилирање, очистенета и обезпрашена површина пред вградување на новиот асфалтен слој се третира со битуменска емулзија за постигање на меѓуслојна лепливост.

- Стругање (планирање) на постојниот коловоз

Се врши по машински пат по ладна постапка. Површините и длабината на стугањето се дефинирани со проектот. Остуганата површина мора да биде уедначена и со хомоген изглед (без изразити денивелисани бразди). Не се дозволува употреба на неисправна опрема. Струганиот материал се транпсортира надвор од трасата. По извршеното стугање се врши чистење и обеспрашување. Припремата на струганата подолга пред вградување на новиот слој е во се според условите.

II. ЗЕМЈАНИ РАБОТИ

1. Ископ на хумус

На појасот на кој се опфаќаат земјените работи и на позајмиштата да се изврши ископ на хумус во слој од проектирана дебелина. Ако во тек на работата се утврди потреба од

ископ на хумусот во подебел слој или потенок Надзорниот орган изменат ќе ја внесе во градежниот дневник, а изведувачот ќе постапи по неа, по таа констатација. Утврдување на дебелината на хумусот во тек на градба се спроведува според стандардите МКС У.Б1.024/68. Ископаниот хумус да се депонира на страна во близина на подоцнежното уградување во приближно правилни фигури. Хумусот не смее да се употребува за насип, а по завршувањето на земјаните работи да се употреби за хумузирање на зелените површини, позамиштата и др.

За дополно извршената работа се наплаќа 1м ископан хумус, со утовар, со транспорт, и утовар до депонијата.

2. **Машинксиот ископ во широк откоп треба да се извршени во се према проектираните профили и впишани коти во претходниот опис од оваа позиција**

Во колку има измени во проектот предизвикува измени и во профилот на масите, односно транспортните растојанија кои излегуваат од оквирот на растојанието предвидени со проектот, Изведувачот и Инвеститорот имаат право на корекција на цените. Новата цена се определува сразмерно на база договор у пропишаните општи услови. Се плаќа 1м ископ – категорија.

3. **Изработка на подлога**

После вадење на хумусот на долниот дел на насипот се врши набивање на подтлото со погодни механички средства према врстата на земјаниот материјал.

Бараната збиеност по стандардниот Прокторов метод во слоеви од 20-30см изнесува:

- За длабини до 2.0м испод котата на коловоз 100% од мах. Лабораториска збиеност = 100%,
- За длабини преку 2.0м испод кота на коловоз (подлото) под високи насип = 95% од најголемата лабораториска збиеност.

Испитувањето ќе се врши на секои 40-50м изработено подтло. За изработено подтло се плаќа од 1м^2.

Контрола на квалитетот на материјалот да се врши според стандардите: МКС У.Б1.010/79; 012/79; 014/88; 016/92; 018/80; 024/68; 038/68 и МКС У.Е1.010/81, а контрола на квалитетот на уградување на материјалот според стандардите МКС У.Б1. 010/79; 012/79; 016/92 и 046/68.

4. Изработка и машинксо набивање на насипи

Нанесувањето и распростувањето на материјалот за изработка на насип се врши во слоеви од 20-60см. Во зависност од геомеханичките карактеристики на материјалот како и од примената на механичките средства за набивање така да по целата длабочина на слојот се добие потреба збиеност. При изработката на насипот слоевите потребно е да се изведат со соодветен пад како се обезбедило правилно одводување.

Материјалот за изработка на насип несмее да содржи органски примеси. Секој набиен слој треба да се испита, додека кај големи насипи испитувањеето треба да се изврши на секој 30м или на секој 200м^3 изработен насип.

Испитувањето да се врши со вадење на цилиндри или по метод на калибриран песок, во зависност од врстата на материјалот при што збиеноста треба да биде:

- За длабини на насип до 2.0м мерено од кота на нивелета треба да е =100% од максималната лабораториска збиеност по стандардна Прокторова постапка.
- За слоевите на насип висок преку 2м од кота на нивелета треба да е 95% од максималната лабораториска збиеност по стандардна Прокторова постапка. Покрај збиеноста вградениот материјал треба да има влажност приближна на оптималната и према тоа потребно е материјалот претходно да се остуши или влажни пред да започне со набивањето на слојот.

5. Планирање и валирање на постелица

По завршувањето на насипот треба са се изврши прланирање и валирање на постелицата по целата ширина на планумот. Нерамнините да се отсечат со грејдер, а вдлабнатините да се исполнат со ситен материјал од кои е направен насипон, така да

постелицата после балирање ги добие проектираните надолжни и порпечни наклони +/-2см.

Со валирање на постелката треба да се постигне рамна површина без нарамнини низ која би отечувала застопската вода.

Површината на постелката се испитува со плоча Ø30см при што се бара модул на стисливост Мс=30МРа со возило за контра товар.

Обемот на испитувањата на збиеност се врши на секои 50-100м со два опита во непосредна близина кои даваат ист презултат.

Контрола на квалитетот на постелката да се спроведува според стандардите:

МКС У. Б1.010/79; 012/79; 014/88; 016/92; 018/80; 024/68; 022/68; 026/68;030/92; 038/68; 040/68; 042/59.

III. ГОРЕН СТРОЈ

1. Изработка на тампонски слој заедно со распорострирање и вибрирање по МКС У.Е9.020

Под дробен каменит материјал се подразбира дробно рачно или машинкси со дробилица кој се употребува за изработка на носеќи подолги. Каменото од кој се добива дробениот мора да биде здрав, хомоген, цврст со мали впивања на вода и постојан на мраз.

Тампонскиот слој треба да се нанесе врз претходната квалитетно изработена постелка (со CBR>20%). Иситот треба да биде изработен од дробен материјал кој треба да ги задоволи критериумите пропишани со дотворната документација за изградба и реконструкција на патишта во Р. Македонија.

За добивање на дробениот камен не смее да се употребува површинкси камен, ниту камен кој соджи примеси на глина, железни оксиди, зранасти карбонати, сулфати, бионит, во таква мера да не биде подолжен на распаѓање под влиание на влага, мраз и друго.

Со примена на овој гранулометриски состав на дробен каменит материјал со добра збиеност на слоевите, подлогата има најмалку шуплини.

По извршеното планирање и валирање на постелката се пристапува кон изработка на тампонскиот слој од каменит дробен материјал. По извршеното распростирање и вибрирање на камениот дробеник во слоеви од околу 15см, тампонски слој мора да ја има предвидената дебелина и правилниот профил по проект со точност од +/-1см.

При испитувањето на потребна збиеност на тампонскиот слој се бара модулот на стисливост да не биде помал од 30 МРа/см^2.

За извршената работа со набавка, транспорт, распростирање и набавка се плаќа од 1м^3 дробеник во набиена состојба.

2. Горни носечки подолги од битуменизирани зренести камени материјали произведени по жешка постапка БНХС

Современите горни носиви подлоги од битуменизирани зранести камени материјали произведени во асфалтна база по жешка постапка дефинирани со стандардот МКС У.Е9.021/86.

Во техничките услови горните носечки подлоги се означени како битуменизиран носив слој со кратенка БНХС. Поделбата на БНХС е извршена според најголемиот дијаметар на зраното во камениот материјал, во следните врсти:

- БНС 16 со зрна од 0 – 16 мм,

Опис

Изработка на БНХС опфаќа набавка на стандардизирана камена ситнеж и врзино средство (битумен), производство на асфалтни мешавини за БНХС, вградувањето на асфалтни мешавини за БНХС, според стандардот МКС У.Е9021/86 и условите на поректот за коловозната конструкција.

Производство и вградување на асфалтна мешавина за БНХС се врши при поволни временски услови, без вржени и кога температурата на подолга и на воздухот (без ветер) изнесува +5С.

Битуменизираните горни носечки подолги, во завосност од врстата на слојот се применуваат соодведно, од многу тешко до лесно и многу лесно сообраќајно оптоварување. По правило, тие се вгредуваат изнад долната носечка подлога.

Основни материјали

Како основни материјали за производство на асфалтни мешавини за БНХС се употребуваат стандаизирани камени агрегати, песок, филтер и врзивно средство – битумен.

Камени агрегати

Во зависност од групата на сообраќајно оптоварување (мону тешко, тешко средно, лесно, многу лесно) се применуваат камени агрегати според техничките услови дадени од Инвеститорот.

Врзивно средство

За производство на асфалтни мешавини за БНХС се применуваат различни врсти на битумен (БИТ 60; БИТ90; БИТ130; и БИТ 200;)

Применетата вреста на битуен зависи од групата на сообраќајното оптоварување. Врстата на применетиот битумен зависи и од дебелината на слојот како и од климатиските услови.

Технолошки дебелини на слоеви за различни врсти на БНС

Дебелината на БНХС зависи од повеќе чинители: сообраќајно оптеретување, носивоста на тампонскиот слој, месните услови, климата и сл.

Дебелината се определува со димензионирање во проектот на коловозната конструкција.

Најмалата дебелина на слојот, воглавно е зависна од процесот на производството, вградувањет и самата врста на БНХС дефинирана со гранулометрискиот состав на камениот агрегат.

Предходен и доказен состав за производство и вградување на асфалтна мешавина за БНХС

Физичко - механичките особини на изградените БНХС слоеви зависат, пред се, од квалитетот на основните материјали (камена ситнеж, песок, филер и битумен), правилно одбраниот гранулометриски состав, количината на врзивно средство, начин и механоопременост за производство на асфалтна мешавина и нејзино вградување, временски услови, носивоста и чистотата на слојот изнад кој се вградува.

За дефинирање на квалитетот на асфалтната мешавина за одделните врсти на БНХС и се изработува претходен состав на асфалтна мешавина (МКС У. Е 9.021/86-точка7) - претходна рецептура.

Предходниот состав со докашаните фисичко-механички особини го одобрува надзорниот орган.

Претходниот состав (рецептура) ги содржи и сите атести за основните материјали од кои ќе се произведува БНХСот.

Изведувачот е должен, предходниот состав да го достави на надзорниот орган 15 дена пред асфалтирање.

После одобрување на предходниот состав од страна на надзорниот орган, се пристапува кон изработка на пробна делница. Изборот на местото за пробната делница го дефинира надзорниот орган.

Пробната делница служи за утврдување на технолошкиот процес на производство на асфалтна мешавина за соодветниот БНХС (преку асфалтна база) нејзиниот транспорт до местото на вградување (финишер, набиени средства, начин на валирање, број на прелази, равност на слојот, електронско водење на пеглата на финишерот и сл).

Со записник за производство и вградување на асфалтната мешавина на БНХС, а врз основа на лабораториските резултати од извадени проби за БНС од вградениот слој на пробната делница, кои мораат да ги задоволат условите прикажани во табела, завршена е доказната постапка за производство и вградување на асфалтната мешавина за БНХС.

За секоја промена на составот на докажаната работна рецептура, постапката е иста како и за првото докажување на работниот состав за производство, транспорт и вградување, односно мора да са прави нова пробна делница.

Вградување и набивање на асфалтната мешавина (БНХС)

Површината на која се вградува БНХС-от мора да биде чиста, сува и технички примена (збиеност, рамност и сл). Надзорниот орган дава одобрение за почеток на вградувањето.

Пред вградувањето (по потреба која ќе се установи надзорниот орган) сувата, чиста и збиена пвршина, правовремно и рамномерн се прска со битуменско средство кое ќе обезбеди потребна меѓуслојна атхезиона врска. По правијо битуменското средство е или нестабилна битуменска емулзија (0.25-0.50кг/м²); поретко разредени битумени.

Битуменското средство за меѓуслојната атхезиона врска, непосредно пред вградување на асфалтната машавина за БНХС, мора да биде наполно сува (испарена) и добро залепена за површина на подлогата. Забрането е нанесување на асфалтна мешавина врз недоволно сува битуменска емулзија.

Вградувањето се извршува по машински пат и со финишер кој одговара на капацитетот на асфалтната база.

3. Асфалтбетонски завршен (абечки) слој (А.Б.)

Асфалтните бетон изработени по жешка постапка се применуваат како завршни - абечки слоеви на коловозни конструкции. Производството и вградувањето се дефинирани со МКЦ У.Е4.014/90.

Изградбата на асфалтни бетони опфаќа: набавка на стандардизирана камена ситнеж, врзивно средство (битумен), производство, транспорт и вградување на асфалтбетонска мешавина во завршниот слој на коловозната конструкција.

Изградба на асфалтни бетони се врши при поволни временски услови без врнежи и ветер и при температура на воздухот и на подлогата над 5°C.

Во зависност од применетата врста на камена ситнеж и врстата на врзното средство (битуменот), асфалтните бетони се применуваат како завршни абечки слоеви на коловозните конструкции за сите групи на сообраќајно оптеретување, од многу тешко, тешко, средно, лесно и многу лесно оптеретување.

Основни материјали

Како основни материјали за производство на асфалтна мешавина за АБ се употребуваат стандардни камени агрегати, песок, филер и врзано средство - битумен.

Камени агрегати

Во зависност од групата на сообраќајно оптеретување (многу тешко, тешко, средно, лесно и многу лесно) се применуваат камени агрегати според техничките услови дадени од Инвеститорот.

Врзивно средство

За произведство на асфалтни мешавини за АБ се применуваат различни врсти на битумени. Применетата врста на битумен зависи од групата на сообраќајното оптобарување. Врстата на применетиот битумен зависи од дебелината на слојот како и од климатските услови.

Технолошки дебелини на слоеви за различни врсти на АБ

Дебелината на АБ зависи од повеќе чинители: сообраќајно оптеретување, носивоста на тампонскиот слој, месните услови, климата и сл.

Дебелината се определува со димензионирање во проектот на коловозната конструкција.

Најмалата дебелина на слојот, воглавно е зависна од процесот на производството, вградувањето и самата врста на АБ дефинирана со гранулометрискиот состав на камениот агрегат.

Предходен и доказен состав нза производство и вградување на асфалтна мешавина за АБ

Физичко - механичките особини на изградените АБ слоеви зависат, пред се, од квалитетот на основните материјали (камена ситнеж, песот, филер и битумен), правилно одбраниот гранулометриски состав, количината на врзното средство, начин и

механоопременост за производство на асфалтна мешавина и за нејзино вградување, временски услови носивоста и чистотата на слојот изнад кој се вградува.

За дефинирање на квалитетот на асфалтната мешавина за одделните врсти на БНХС и се изработува претходен состав на асфалтна мешавина (МКЦ У.Е 9.021/86-точка7) - претходна рецептура. Претходниот состав со докажаните физичко-механички особини го одобрува надзорниот орган. Претходниот состав (рецептура) ги содржи и сите атести за основните материјали од кои ќе се произведува АБ. Изведувачот е должен, претходниот состав да го достави на надзорниот орган 15 дена пред асфалтирање.

После одобрување на предходниот состав од страна на надзорниот орган, се пристапува кон изработка на пробна делница.

Изборот на местото за пробната делница го дефинира надзорниот орган.

Пробната делница служи за утврдување на технолошкиот процес на производство на асфалтна мешавина за соодветниот БНХС (преку асфалтна база) нејзиниот транспорт до местото на вградување (финишер, набиени средства, начин на валирање, број на прелази, равност на слојот, електронско водење на пеглата на финишерот и сл).

